Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 јуни 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „МИЗЕН 2“.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип, со седиште ул. “Митко Цецов” бр.11 Штип (во понатамошниот текст: Друштво), на 15 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „МИЗЕН 2“, УП1 бр.12-286/24 од 15 мај 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 17 мај 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Друштвото има Одобрение за градење на фотоволтаична централа МИЗЕН 2 за производство на електрична енергија Е.1.1.3 со инсталиран капацитет од 1593,30 kW на земјени површини на ГП1.1 на

дел од КП 59 и КП 60/1, КП 65/1 и КП 66/3 КО Криви Дол, општина Штип, УП1 бр. 18/23-57 од 31.03.2023 година донесено од Општина Штип со датум на правосилност од 20.04.2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10 став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр. 02-990/1 од 29 мај 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа 31 мај 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 3 јуни 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „МИЗЕН 2“ на Друштвото за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-286/24**
**3 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип, со седиште ул. "Митко Цецов" бр.11 Штип, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1382-2024

4. **Единствен матичен број:** 7633971

5. **Единствен даночен број:** 4029022527722

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „МИЗЕН 2" на ГП1.1 на дел од КП бр. 59 и КП бр. 60/1, КП бр. 65/1 и КП бр. 66/3 КО Криви Дол, Општина Штип,

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "МИЗЕН 2"
б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 1593,9 kWp
г) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 1620 kW
д) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2024 година
ѓ) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години
е) податоци за опрема:
- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:
ATLAS EGE 550W-144M(M10), 2898 панели со моќност од 550 W
- тип и производител, моќност и број на инвертори:
DEYEI SUN60KW, 27 инвертори со номинална моќност од 60 kW

ж) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.700 kWh/m2
з) очекувано годишно производство на електрична енергија: 2.413.745,27 kWh/годишно